РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# АНКЕТА ЗА БРОЈОТ НА ДОБИТОКОТ

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ

Скопје 2014

Статистичкото истражување АНКЕТА ЗА БРОЈОТ НА ДОБИТОКОТ се спроведува во согласност со Законот за државната статистика ("Службен весник на РМ" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13 и 42/14) и Програмата за статистички истражувања 2013-2017 ("Службен весник на РМ"бр. 20/13 и 24/14).

**Вовед и цели**

Со статистичкото истражување Анкета за бројот на добитокот се обезбедуваат податоци за добитокот по видови и категории, билансот на добитокот, живината и млекото, бројот на живината и пчелните семејства, како и податоци за добиточното производство (производство на млеко, волна, мед и јајца).

Ова статистичко истражување се спроведува на база на примерок. Примерокот опфаќа 625 статистички кругови во кои се анкетираат 5000 индивидуални земјоделски стопанства на територијата на целата земја што изнесува околу 6% од вкупниот број на индивидуални земјоделски стопанства што одгледуваат добиток.

Статистичките податоци за бројот на добитокот, живината и пчелните семејства, како и податоците за добиточното производство се прибираат со цел да се согледа состојбата со расположливиот добиточен фонд на Република Македонија, а во функција на обезбедување на податоци што ќе се користат за анализи и развојни цели, како и планирања и креирање на политики во сферата на сточарството.

**Единица на посматрање**

Единица на посматрање за статистичкото истражување Акета за бројот на добитокот е индивидуалното земјоделско стопанство. Со статистичкото истражување се опфатени определен број на избрани земјоделски стопанства во статистичкиот круг. Изборот е извршен така што се опфатени статистички кругови и земјоделски стопанства на целата територија на Република Македонија.

Изборот на земјоделските стопанства е извршен на база на примерок избран од Статистичкиот регистар на индивидуални земјоделски стопанства.

**Метод на прибирање на податоците**

Податоците во анкетниот прашалник се прибираат со метод на интервју во избраните земјоделски стопанства и внес на податоците (пополнување) во прашалникот од страна на задолженото лице - анкетар кое има одговорна задача и од чија совесност зависи степенот на успешноста на Анкетата.

**Обврски на анкетарот**

Анкетарот е лице кое е избрано од страна на Државниот завод за статистика врз основа на неговите познавања и стручни квалификации од областа на сточарството, како и познавањето на теренските услови, односно подрачјето во кое е надлежен да ја извршува Анкетата.

Пред отпочнувањето на спроведувањето на Анкетата, анкетарот треба добро да ги проучи образецот и упатството со цел да се запознае со сите активности кои се потребни за успешно извршување на статистичкото истражување. Анкетарот има најодговорна улога во спроведувањето на истражувањето на терен. Неговиот однос во контактот со носителот на земјоделското стопанство во голема мерка влијае врз давањето квалитетни податоци.

Кога анкетарот ќе влезе во земјоделското стопанство, треба да се идентификува (претстави) и да го покаже овластувањето кое го добил од страна на Државниот завод за статистика, да ја покаже својата лична карта и во кратки црти да ги објасни целите на спроведувањето на статистичкото истражување Анкета за бројот на добитокот.

Ако носителот на земјоделското стопанство не сака да се интервјуира, анкетарот треба да ја дознае причината за одбивањето и да ја запише во списокот (во колоната забелешки) и во соодветната табела од образецот да го заокружи бројот кој одговара на причината за неизвршеното анкетирање.

- Анкетарот треба да ги посети сите избрани земјоделски стопанства од дадениот список за соодветниот статистички круг.

- Да изврши проверка на идентификациските податоци од списокот и образецот и, доколку постои разлика, да изврши корекција во списокот и образецот.

- Ако се утврди дека носителот на земјоделското стопанство е преселен во истиот статистички, односно пописен круг, анкетарот треба да ја утврди неговата адреса и да го анкетира.

- Ако носителот на земјоделското стопанство е починат, да се запише новиот носител на земјоделското стопанство и да се анкетира.

- Ако носителот на земјоделското стопанство е иселен во друг статистички, односно пописен круг, треба да се запише (во колоната за забелешки) дека лицето е иселено.

Државниот завод за статистика ги има подготвено потребниот број на извештаи (обрасци) за секое земјоделско стопанство во статистичкиот, односно пописниот круг, и список со адресни податоци на носителите на земјоделските стопанства кои треба да се анкетираат во тој статистички круг. Во Регионалното одделение за статистика, во образецот ЗЕ.51.2 треба да се внесат адресните податоци на носителот на земјоделското стопанство - име и шифра на општина, населено место и статистички круг и редниот број на анкетираното стопанство во рамките на избраните стопанства во статистичкиот круг (податоците се преземаат од списокот).

**Пополнување на анкетниот прашалник ЗЕ.51.2**

По претставувањето и добиената согласност за интервју од страна на носителот на стопанството, анкетарот започнува со поставување на прашањата според редоследот во анкетниот прашалник.

**Табели 1, 2, 4, 6, 9, 13 и 16**

Во табелите 1, 2, 4, 6, 9, 13 и 16, во соодветните редови, се внесуваат податоците за бројот на грлата добиток, живина и пчелни семејства според дадените категории во образецот, назависно на која раса припаѓа добитокот.

Се запишуваат податоци и за добитокот кој е во сопственост на стопанството, но во времето на спроведувањето на Анкетата е привремено отсутен, односно е сместен на друго место.

Сите собрани податоци се однесуваат на бројната состојба на 31 декември. Промените настанати после тој датум не се земаат предвид.

**Табели 3, 5, 7, 10 и 14**

Во табелите 3, 5, 7, 10 и 14 се внесуваат податоците за бројот на добитокот и живината. Се запишуваат податоци за бројот на приплодените грла, бројот на купените, продадените, заклаените грла на стопанството, заклаените грла во кланица и бројот на угинатите грла.

**Приплодено** (отелени, опрасени, ојагнети, ојарени и  испилени)

Се внесуваат податоци за бројот на целиот добиен подмладок во текот на годината, независно дали потоа некои од грлата се продадени заклани или угинати.

**Купени грла** (говеда, свињи, овци, кози и живина)

Се внесуваат податоци за бројот на целиот купен добиток и живина во текот на годината, потоа добитокот кој некој од членовите на стопанството го добил како подарок, наследство и друго, но без паричен надоместок.

**Продадено** (говеда, свињи, овци, кози и живина)

Се внесуваат податоци за бројот на целиот продаден добиток во текот на годината, потоа добитокот кој некој од членовите на стопанството го дал како подарок, наследство и сл.

**Заклани грла** (говеда, свињи, овци, кози и живина) - се внесуваат податоци за бројот на заклaниот добиток во текот на годината во стопанството за сопствени потреби.

Посебно се запишува бројот на грлата заклани на стопанството и бројот на оние грла кои се однесени на колење во некоја кланица.

**Угинати грла** (говеда, свињи, овци, кози и живина) - се внесуваат податоци за бројот на целиот угинат добиток и живина во текот на годината независно од причините за смртта.

**Табели 8, 11, 15 16**

Во табелите 8, 11, 15 и 16 се внесуваат податоци за добиточното производство од сопственииот добиток, односно производството на кравјо, овчо и козјо млеко, производството на волна, јајца и мед.

**Производство на волна**

Во првиот ред од табелата се запишува бројот на стрижени овци, а во вториот добиените количини на неперена волна.

Најпрво се утврдува бројот на стрижените овци во текот на годината, а потоа количината на волна по стрижена овца. Кога ќе се помножи бројот на стрижени овци со просечната количина на добиена волна се добива вкупното производство на волна. Просечната количина на истрижена волна по овца треба да е во границите од 0.5 до 10 килограми.

**Измолзено млеко**

Се впишува добиената количина на млеко во текот на годината. Количината на млеко се утврдува на следниот начин: прво се утврдува бројот на молзните денови во годината за секоја крава одделно, а потоа се утврдува просечното измолзено млеко во текот на денот.

Кога ќе се помножат деновите кога кравата се молзела со просечното измолзено млеко од ден се добива вкупното измолзено млеко во текот на годината.

Оваа пресметка се изведува за секоја крава одделно.

На ист начин се пресметува и производството на овчо и козјо млеко.

Производството на кравјо млеко по молзна крава треба да е во границите од 100 до 10000 литри, овчото млеко треба да е во границите од 10 до 1000 литри по молзна овца, а производството на козјо млеко треба да е во границите од 10 до 1000 литри по коза.

**Производство на јајца**

Во првиот ред од табелата се запишува бројот на кокошките несилки, а во вториот ред се впишува вкупниот број на добиени јајца во текот на годината.

Производството на јајца се добива кога бројот на кокошки несилки ќе се помножи со просечниот број на снесени јајца по кокошка несилка, кој треба да е во границите од 10 до 350 парчиња, односно јајца.

На ист начин се пресметува и бројот на произведени јајца од останатата живина, збирно, без оглед на тоа дали станува збор за јајца од гуски, мисирки или друга живина.

**Производство на мед**

Во првиот ред се внесува податок за бројот на пчелните семејства, а во вториот ред производството на мед. Производството на мед се добива кога бројот на пчелните семејства ќе се помножи со просечните количини на мед добиени од едно пчелно семејство, а тој податокот треба да е во границите од 2 до 50 кг мед.

**Табела 12**

Во табелата 12 се внесуваат податоци за начинот на користење на целото млеко произведено на стопанството во набљудуваниот период.

Се впишува вкупната количина на измолзено млеко на стопанството (кравјо + овчо + козјо) во ред 1. Потоа се впишуваат податоци за количините млеко дадени на откуп, употребени за исхрана во домаќинството (млеко за пиење), продадено млеко директно од стопанството или на пазар, млеко потрошено за исхрана на добитокот, количини млеко употребени за преработка (за кисело млеко, кајмак, путер, разни сирења и други млечни преработки), како и губитоците (целото млеко кое било измолзено, но од различни причини не се искористило).

**Постапка на анкетарот по завршување на Анкетата**

По завршената Анкета во земјоделското стопанство, анкетарот треба повторно да изврши контрола на податоците кои се внесени во извештајот, да ги провери збировите и количините на добиточното производство, како и билансот на добитокот и живината. По завршената контрола, анкетарот е должен целокупниот материјал од Анкетата, со сите свои забелешки, да го достави до Регионалното одделение за статистика.

Регионалното одделение за статистика врши контрола на квалитетот на добиениот материјал од анкетарот, притоа водејќи сметка дали анкетарот се придржувал на упатството за анкетар и дава мислење за работата на секој анкетар посебно.

Регионалните одделенија за статистика контролираниот материјал од статистичкото истражување Анкета за бројот на добитокот во определениот рок го доставуваат до Државниот завод за статистика.